**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**==================================**
**Број 08 - 128/9**
**27/02/2024 година**
**Пласница**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 31 од Законот за буџетите ("Службен весник на РМ" бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и "Службен весник на РСМ" бр. 151/21), член 93 став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16 и 11/18 и “Службен весник на РСМ” бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на РСМ, судовите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на РСМ ("Службен весник на РМ" бр. 51/20 и 172/21) и член 17 став 1 точка 3 и член 30 став 1 точка 8 од Статутот на општина Пласница (“Службен гласник на општина Пласница” број 2/06), Советот на општина Пласница на 25 -тата седницата одржана на 27/02/2024 година, донесе:

# ОДЛУКА
## за измена на Одлуката за извршување на буџетот на општина Пласница за 2024 година

### Член 1

Во Одлуката за извршување на буџетот на општина Пласница за 2024 година број 08-573/4 од 26.12.2023 година објавена во (Службен гласник на општина Пласница бр.02/2023), во членот 10 став 2 алинеја 1а) текстот „во износ 47.637,00 денари” се заменува со „просечна исплатена месечна плата по вработен за претходната година”

### Член 2

Во член 12 став 4 текстот „Програма Д0 – Градоначалник” се заменува со текстот „Програма Е0 – Општинска администрација”

### Член 3

Останатите членови од Одлуката за извршување на буџетот на општина Пласница за 2024 година број 08-573/4 од 26.12.2023 година остануваат непроменети.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Пласница".

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ЏЕМАИЛ АСАНОСКИ**